20252474793

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 2025 година.

Бр. 08-6801/1
3 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 13/16, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 154/19, 42/20, 48/21, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), во член 42 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, Агенцијата со одлука ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување промена на сопственичката структура доколку промената на сопственичката структура во Централниот регистар не е спроведена во рок од 90 дена од денот на донесувањето на одлуката за спроведување на промена на сопственичката структура.

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.